## ДРАМСКАТА АКТИВНОСТ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ СО ФИЗИЧКА ПОПРЕЧЕНОСТ

*Сузана КРАЊЦ ЈОЛДИЌ*

Завод за оспособување
на инвалидна младина
Камник, Словенија

### *Резиме*

Драмската активност претставува голем предизвик за адолесцентите со физичка попреченост, а во исто време им овозможува многу искуства за животот.
Адолесцентите се едуцираат и низ театарската активност. Играјќи безброј нови улоги, го развиваат својот став кон културата на уметноста, а најмногу од сè добиваат увид во различните животни ситуации, кои на многу од нив не им биле познати дотогаш. Преку искуството на различните улоги, адолесцентот стекнува лично признание, поминува низ процес на персонална промена и така ги тестира своите лични перцепции за животот.
Во однос на драмската активност ние ја следиме прифатената изрека дека да се биде различен е исто така предност. Главната цел на драмската активност постепено се реализира низ програма: запознавање со себе и театарскиот медиум воопшто. Адолесцентите се среќаваат со повеќеслојна комуникација и јавен настап, што им помага во личниот живот.

***Клучни зборови**: адолесцент со физичка попреченост, драмска активност, изразување*

### *1. Вовед*

Степен на физичка попреченост:

1. никаква или мала физичка попреченост;
2. умерена физичка попреченост;
3. голема физичка попреченост;
4. тешка физичка попреченост.

Адреса за кореспонденција:
*Сузана КРАЊЦ ЈОЛДИЌ*
Шешче 78/а
3312 Преболд
Словенија
suzana.krajnc-joldic@guest.arnes.si

## PHYSICAL DISABILITY AND DRAMA ACTIVITY

*Suzana KRAJNC JOLDIKJ*

Centre for Education and Rehabilitation of Physically Handicapped Children and Adolescents
Kamnik, Slovenia

UDK: 376.2-053.6

### *Abstract*

Drama activity presents a great challenge for adolescents with physical disabilities, and at the same time it provides them with much experience for life.
Adolescents are educated through theatrical activity; they test numerous new roles, develop their attitude towards the art culture, and most of all they get the insight into different life situations, which have not been known to many of them so far. By experiencing different roles, an adolescent gets personal recognition, undergoes a process of personal changing and thus tests his or her personal perceptions of life.
As regards drama activity we follow the presumption saying that being different is also an advantage.
The main purpose of the drama activity is gradually realized through the programme: getting to know yourself and the theatre medium in general. Adolescents meet the multilayered communication and public appearance, which helps them in their personal life.

***Key words**: adolescent with physical disabilities, drama activity, expression*

### *1. Introduction*

Level of physical disability:

1. No or minor physical disability;
2. Moderate physical disability;
3. Major physical disability;
4. Severe physical disability.

Coresponding Address:
*Suzana KRAJNC JOLDIKJ*
Sheshche 78/a
3312 Prebold
Slovenia
suzana.krajnc-joldic@guest.arnes.si

Нивото на физичка попреченост зависи дали индивидуата ќе изведе извесни мобилни активности со поголема или помала тешкотија, дали има потреба од различни видови помош или други прилагодувања, дали зависи од помошта на други луѓе или дали, во најлош случај, индивидуата не може воопшто да изведе извесни активности.

Физичката попреченост е многу широк концепт, бидејќи таа може да се прикаже во случајот на една индивидуа во голема варијација на форми, до различен број ограничувања, а постојат и бројни причини за нејзината појава.

Може да кажеме дека лице со физичка попреченост е лице со вроден или стекнат физички деформитет или мана која е евидентна со намалени способности при одење, користење раце или изведување други мобилни активности. Покрај проблемите на полето на движење и мобилност, овие лица исто така често се ограничени на полето на личната грижа, комуникацијата, учењето и другите активности во животот. Ако физичката активност е последица на оштетувањето на централниот нервен систем, специфичните потреби на децата се особено сложени, бидејќи во тој случај интелектуалниот и физичкиот развој на детето е исто така различно.

*1.1 Едукатор-аниматор*

Нашата образовна работа често се нарекува „училиште за живот“. Адолесцентите со физичка попреченост стекнуваат искуство кое го немаат, а е битно за животот. Без активности со анимација, овие недостатоци не можат да се развиваат. На овој начин активностите се постојано поврзани со образовната работа и обратно. Образовната работа се изразува преку активности со анимација во широки размери. Активностите всушност ни помагаат да ги реализираме поставените цели. Тие не претставуваат само активно користење на слободното време, туку имаат подлабоко значење. Едукаторот предава низ активности со анимација, се обидува да ги постигне поставените цели, а заради недоволното искуство на адолесцентите, едукаторот создава ситуации низ кои адолесцентите стекнуваат искуство.

The level of physical disability depends on whether an individual person performs certain mobility activities with more or less difficulty, whether an individual person needs different items for help and other adjustments, whether an individual person depends on the help of other people, or whether, in the worst case, an individual person cannot perform certain activities at all.

Physical disability is a very wide concept, as it can be shown in case of an individual person in a large variety of forms, to a number of different extents, and there are also plenty of reasons for it to appear.

We can say that a person with physical disability is that person with an inborn or acquired physical deformity or trouble which is evident in decreased walking capability, use of hands or performing other mobility activities. Besides problems in the field of moving and mobility, these people are also often limited in the field of personal care, communication, learning and other activities in life. If the physical disability is a consequence of a damage of the central nerve system, the specific needs of children are especially complex, since in this case the child’s intellectual and psychosocial development is also often different.

*1.1 Educator–animator*

Our educational work is often referred to as “the school for life”. Adolescent with physical disability acquire the experiences they do not have but are essential for life. Without animation activities, these shortages cannot be developed. This way the activities are constantly tied in the educational work and vice versa. Educational work is expressed through animation activities to a large extent. The activities actually help us realize our set goals. They do not only present an active use of leisure time, but they rather have a deeper meaning. An educator teaches through animation activities, tries to reach the set goals, and due to the adolescents’ lack of experience, the educator creates situations through which the adolescents obtain the experience.

При изведувањето на активности со анимација, едукаторот ја игра улогата на аниматор. Секоја активност треба да се прилагоди на специфичните потреби на индивидуата, што бара голема способност на едукаторот за импровизација и во исто време професионален капацитет.

Значењето на активности со анимација, нивното влијание и помош при реализирањето на поставените цели се гледа во широкиот спектар на можности за тестирање животни ситуации, нови искуства, развој на вредносниот систем, емоционалното поле, развојот на креативноста, интелектуалните капацитети, како и стекнување социјално искуство и функционално знаење.

## *2. Адолесценти со физичка попреченост и драмски активности*

Физичката попреченост на индивидуата предизвикува од мали до тешки нарушувања во комуникацијата, каде единствените средства на комуникација се невербалните методи. Се јавуваат нарушувања во психолошкото функционирање. Сите овие проблеми често се придружени од бихевиоралното нарушување и нарушувањето на личноста. Таквите луѓе често имаат тешкотии со препознавањето, разбирањето, реагирањето на стимулите и комуникацијата со социјалната средина. Адолесцентите се едуцираат низ театарската активност.

Играјќи безброј нови улоги, го развиваат својот став кон културата на уметноста, а најмногу од сè добиваат увид во различните животни ситуации, кои на многу од нив не им биле познати дотогаш. Преку искуството на различните улоги, адолесцентот стекнува лично признание, поминува низ процес на персонална промена и така ги тестира своите лични перцепции за животот.

## *3. Театарска активност*

Театарската активност го вклучува театарот (запознавање со театарскиот простор, театарските билети) и драмската активност. Театарот е медиум, форма на креирање, кој игра важна улога во социјализацијата, во истражувањето на личниот идентитет, во градењето ставови кон средината, кон другите луѓе.

In performing the animation activities, the educator has the role of an animator. Each activity needs to be adapted to specific needs of an individual, which requires educator's high improvisation capacity and at the same time professional capacity.

The significance of animation activities, their influence and help with realizing the set goals is seen in a large spectre of the possibilities of testing life situations, new experiences, development of value system, emotional field, development of creativeness, intellectual capacities, and in obtaining of social experience and functional knowledge.

## *2. Adolescents with physical disabilities and drama activity*

Physical disability of an individual person provokes communication disorders, namely from minor and all the way to severe disorders, where the only means of communication are the non-verbal methods. Disorders in psychosocial functioning appear. All these problems are often accompanied by behavioural and personality disorders. Such people often have difficulties perceiving, understanding, responding to stimuli, and communication with social environment. Adolescents are educated through theatrical activity.

They test numerous new roles, develop their attitude towards the art culture, and most of all they get the insight into different life situations, which have not been known to many of them so far. By experiencing different roles, an adolescent gets personal recognition, undergoes a process of personal changing and thus tests his or her personal perceptions of life.

## *3. Theatrical activity*

Theatrical activity includes the theatre (getting familiar with the theatre space, theatre season tickets) and drama activity.

The theatre is a medium, a form of creating, which is important to research personal identity, build attitude towards the environment, other people, and for socialization.

Тој ја нагласува потребата за соработка, поврзаноста и тимската работа, а помага и во формирањето.

#### 4. Драмска активност

Во однос на драмската активност ние ја следиме прифатената изрека дека да се биде различен е исто така предност; најмногу во театарскиот простор каде да се биде различен е нешто кое се посакува и цени меѓу изведувачите и публиката. Театарот може да го надмине мислењето дека си различен и адолесцент со специјални потреби (физичка попреченост), а во исто време може да ги екипира тие луѓе со дополнителна активност-креативноста.

Заради последиците од физичката попреченост, адолесцентите со специјални потреби имаат специфично гледиште кон телото и нивната слика за себе. Често телото е нешто што не постои или нешто што треба да се скрие. Драмската активност, меѓутоа, нуди можност за изразување и прифаќање на телото на личноста низ играта на улогите.

Кога адолесцентот ќе се навикне да ја игра улогата на некој друг, тој/таа заборава дека е физички неспособен/а, и на тој начин полесно се релаксира. Прифаќајќи ја улогата на некој друг, личноста придонесува за самосознанието, ја намалува импулсивноста и го зголемува чувството за невербалните знаци. Резултат на ова е создаденото чувство на успех и сатисфакција.

Драмската активност создава сознание за личното тело и сите негови делови, за што се создадени и способни за мобилност. Ние ја откриваме љубовта за мобилност и глумење, за спонтаната поврзаност меѓу адолесцентите и за изразување и комуницирање со мобилноста без разлика на оштетувањето.

Основни упатства за индивидуални работилници:

1. загревање на целото тело;
2. техники на танц;
3. дишење;
4. вежбање на гласот;
5. ипровизација;
6. релаксација (визуализација, медитација…).

Адолесцентите со физичка попреченост сами испробуваат различни начини на мобилност за да го стекнат чувството на мобилност, а во исто време и желбата за понатамошна мобилност.

It emphasises the need for cooperation, connection and team work, and helps in formation.

#### 4. Drama activity

As regards drama activity we follow the presumption saying that being different is also an advantage; most of all in the theatre space where being different is something which is desired and appreciated among performers and the public. The theatre can exceed the notion of being different and adolescents with special needs (physical disability), and at the same time it can equip these persons with additional tool - creativity.

Due to the consequences of physical disability, adolescents with special needs have a specific attitude towards their bodies and their self image. Often, the body is something which does not exist, or something that needs to be hidden. Drama activity, however, offers the possibility of expressing and accepting personal body through the game of roles.

When an adolescent gets accustomed to playing a role of somebody else, he or she forgets about being physical disabled, and thus relaxes much more easily. By accepting the role of somebody else, a person contributes to self-awareness, reduces impulsivity and increases sensitivity for non-verbal signs. As result, this creates the feeling of success and satisfaction.

Drama activity provides for the awareness of personal body and all body parts, which are created for and capable of mobility. We discover the love for mobility and acting, for spontaneous connection among adolescents, and for expressing and communicating with mobility irrespective of impairment.

Basic guidelines of individual workshops:

1. Warming of entire body
2. Dance techniques
3. Breathing
4. Voice exercises
5. Improvisation
6. Relaxation (visualization, meditation…)

Adolescents WITH physical disabilities try themselves in different ways of mobility in order to obtain the feeling for mobility and at the same time the desire for further mobility.

Интерпретативната мобилност е составена од естетски и креативни движења. Г-ѓа Добник верува дека интерпретативното движење е израз на чувствата на изведувачот за користење на сопственото тело (1).

*4.1 Програма за работа со драмска активност*

Програмата за драмска активност се базира на работа со ИНДИВИДУА и ГРУПА.

Во случајот на индивидуата се поттикнуваат креативноста, креативното движење, ставот кон претставата и театарската активност.

Ние поминуваме од индивидуална кон групна импровизација.

Interpretative mobility is composed of esthetical and creative movements. Ms Dobnik believes interpretative movement is expression of performer's feelings with the use of his or her own body (1).

*4.1 Drama activity work programme*

Drama activity programme is based on work with an INDIVIDUAL and a GROUP.

In case of an individual, creativeness, creative movement, attitude to performance and theatrical activity in general are encouraged.

We pass from an individual to a group, to group improvisation.

| Индивидуа | Група | Импровизација |
|---|---|---|
| *Individual* | *Group* | *Improvisation* |
| ИЗВЕДУВАЧ | КОИЗВЕДУВАЧ | ПРЕТСТАВА |
| *PERFORMER* | *CO-PERFORMER* | *PERFORMANCE* |

Целта на драмската активност е да се направи претстава.

Време на траење: 10 месеци

Ние се состануваме со по една индивидуа по два часа неделно.

Фази на создавање на претставата.

*I. Вовед*

Работата се базира врз следните елементи:

- релаксација;
- развој на чувството за сигурност;
- развој на индивидуалната имагинација (имагинацијата се анализира одделно за секоја индивидуа, ние не се обидуваме тоа да го постигнеме одеднаш, со наметнување, туку таа постепено се развива).

Работата се изведува индивидуално, во двојки, мали групи и со целата група.

*II. Индивидуа*

- сознание, присуство и стекнување дирекно искуство (2);
- контакт;
- емоции;
- имагинација.

Акцентот е ставен на загревањето и релаксацијата на телото, развојот на чувствата и запознавањето на самиот себе (2).

The purpose of drama activity is to make a performance.

Time of duration: 10 months

We meet one a week for two classes.

Performance creation phases:

*I. Introduction*

The work is based on the following elements:

- Relaxation.
- Conversations (private, theatre).
- Development of the feeling of safety.
- Development of an individual's imagination (imagination is analysed for each individual separately, we do not try to form it by force, it is gradually developed).

Work is performed individually, in pairs, small groups and in the entire group.

*II. Individual*

- awareness, presence and direct experiencing (2);
- contact;
- emotions;
- imagination.

The emphasis is on warming up and relaxation of the body, development of senses and getting to know yourself (2).

Ние ги поттикнуваме и во исто време ги учиме адолесцентите со физичка попреченост на експресивна мобилност, која го вклучува секое движење: позицијата на телото, гестовите, изразите на лицето..., главно сѐ. Паралелно се одвиваат активности за воспоставување односи со другите членови на групата и се преминува на групна работа, групна импровизација.

*III. Група*

Важно е дека секој стекнува чувство за себе во рамките на групата и развива односи со другите членови. Многу е важна креативноста на секоја индивидуа, следена од целата група.

*IV. Претстава*

Сиот материјал што го добивме од индивидуалните работилници (презентација, автопортрет, јавен настап, различни импровизации) водеше до потрага по соодветен текст или негово создавање.

Сите вештини, сите проби што ги направивме водат кон изразување. Тука се поттикнуваше одговорноста на секоја индивидуа за работа во драмската група. Паралелно со тоа се одвиваше развој на имагинациските имровизации и се користеа сите веќе познати проби.

Работата на текстот и претставата ги вклучува сите материјали кои ги користеа адолесцентите во нивните презентации. Се обидуваме во претставата да ги употребиме сите индивидуални вештини на адолесцентите (свирење на инструменти, пеење...).

Имаме редовни неделни средби кои се базираат на работа поврзана со претставата и настапи до крајот на училишната година.

Главната цел на драмската активност постепено се реализира низ програмата: запознавање на самиот себе и театарскиот медиум воопшто.

Адолесцентите, исто така, се среќаваат со повеќеслојната комуникација и јавниот настап, кои им помагаат во личниот живот.

***5. Заклучок***

Драмската активност претставува голем предизвик за адолесцентите со физичка попреченост, а во исто време им обезбедува големо искуство за животот.

We encourage and at the same time teach the adolescents with physical disabilities expressive mobility, which is comprised of everyday movements. Body posture, gestures, facial expression… is all part of this. The work on establishing relationships with other members of the group runs parallel to this and passes to group work, group improvisation.

*III. Group*

It is important that everyone gets to feel him/herself within the group, and develops a relationship with other members. Creativeness of every individual, followed by the entire group, is very important.

*IV. Performance*

All the material that we have obtained during individual workshops (presentation, self-portrait, public appearance, different improvisations) leads to the search for an appropriate text or its formation.

All skills, all rehearsals we have made come to expression. Here, responsibility of each individual for work in drama group is encouraged.

Development of imagination improvisations runs parallel to this, and all rehearsals that we already know are used.

Work on the text and performance includes all materials which the adolescents have used in their presentations. We try to use in the performance all individual skills of adolescents, their playing of instruments, singing…

We have regular weekly meetings based on work connected with the performance and performing until the end of the school year.

The main purpose of the drama activity is gradually realized through the programme: getting to know yourself and the theatre medium in general.

Adolescents also meet the multilayered communication and public appearance, which helps them in their personal life.

***5. Conclusion***

Drama activity presents a great challenge for adolescents with physical disabilities, and at the same time it provides them with much experience for life.

Со драмската активност - актерството, адолесцентите можат да ја користат физичката попреченост како предност. Преземајќи ја улогата на друго лице, релаксацијата се стекнува многу полесно и како резултат на тоа, се стекнува чувство на успех и сопствено задоволство.

With drama activity - acting, such adolescents can use their physical disability as an advantage. By taking the role of another person, relaxation is achieved much more easily, and consequently, the feeling of success and self-satisfaction is obtained.

***Литература / References***


1. Koban Dobnik M. *Glasba in gib.* Educa, 2005: 27.
2. Reasoner R. *Razvijanje pozitivnega samovrednotenja mladostnikov.* Priročnik za mentorje. Ljubljana. Inštitut za razvijanje osebne kakovosti, 1999.
3. Kroflič B. *Ustvarjalni gib - način ustvarjalnega mišljenja.* Časopis za kritiko znanosti. Ljubljana, 2003; 31:177-188.
4. Haskell S, Barrette E. *The Education of Children with Physical and Neurological Disabilities.* Third edition. Chapman & Hall, 1993.
5. Lipužič, M. *Specialna pedagogika.* Študijsko gradivo za interno uporabo. Ljubljana, 1986.
6. Neubauer H. *Svet odrske igre – osnovne gledališke igralske tehnike.* Ljubljana: Javni sklad RS za kulturne dejavnosti, 2003.
7. Neuman Z. *Psihologija telesno prizadetih.* Ljubljana: Pedagoško znanstvena enota za psihologijo, 1976.
8. Vogelnik M. *Ustvarjalni gib:* plesno - gledališki priročnik. Ljubljana. Zveza kulturnih organizacij Slovenije, 1993.